Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Арх.Бр.08-6311/1

Дата: 16.12.2025 година
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 17, 17-а 17-б, 17-в, 17-г 17-д, 17-ѓ, 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, ... 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19.... 193/25) а врска со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Сл.весник на РСМ" бр.213/24) ,објавува

Советот на Општина Кавадарци распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџивасилев-Јасмин " Кавадарци**
**бр.04/25**

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВЕН ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџивасилев-Јасмин " Кавадарци, со седиште на ул„8-ми Септември "5Б во Кавадарци.

Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие се состои од 3 (три) членови.

Мандатот на членовите на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење е во траење од 4 (четири) години.

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Заинтересираните лица кои што ќе се пријават на јавниот повик за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџивасилев-Јасмин " Кавадарци треба да ги исполнуваат следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економски науки, правни науки или областа на дејноста на јавното претпријатие;
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

Освен условите од ставот 1 точка 2, членовите во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа :
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
-еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Арх.Бр.08-6311/1

Дата: 16.12.2025 година
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

**3.РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА СО ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Заинтересираните лица по јавниот повик како доказ за исполнување на бараните услови треба да достават :
- кратка биографија,
-државјанство на Република Северна Македонија,
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

-потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
-потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија,
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Заинтересираните лица по јавниот повик поднесуваат пополнета пријава (на образец - даден во прилог на јавниот повик) со потребната документација и доказите во писмена форма ( во оригинал или копија заверена на нотар) преку Архива на Општина Кавадарци, секој работен ден од 08:00 -16:00 часот или по пошта со назнака ,,За јавен повик за појавување на интерес за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорниот одбор за

контрола на материјало-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин “ Кавадарци.

Рокот за доставување на пријавата трае 5 (пет) дена почнувајќи од 16.12.2025 година до 20.12.2025 година.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Кавадарци www.kavadarci.gov.mk **на веб-страната на на Јавното претпријатие стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин“ Кавадарци** www.ssjasmin.mk и на огласна табла на Општина Кавадарци**.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Претседател,**

**д-р Стојанчо Рамов**

Арх.Бр.08-6311/1

Дата: 16.12.2025 година
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk